Дамјан Груев бр.1 Пехчево тел: 033/441-126

e-mail: ou-vanchokitanov-pehchevo@schools.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ООУ „ВАНЧО КИТАНОВ” ПЕХЧЕВО

## ЗА НАСТАВНАТА 2022/2023 ГОДИНА



**јуни, 2023 год.**

**Директор**
**Добрила Јовевска**

**Вовед**

Извештајот за работата на ООУ „Ванчо Китанов“- Пехчево е заснован врз одредбите од Законот за основно образование, Статутот на училиштето, како и обврските кон Локалната самоуправа предвидени со закон· Годишниот извештај е документ на училиштето и се подготвува со цел да се прикаже работата на училиштето во текот на наставната 2022/2023 година, како и анализа на планираните и реализираните содржини предвидени со Годишната програма за работа на училиштето за истиот период.

**Услови во кои работи училиштето**

(број на ученици, структура на наставен кадар и видови училнички простор)

Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“се наоѓа на улица „Дамјан Груев“бр.1, Пехчево. Во негов состав работат:

- ПУ с. Црник - подрачно училиште во кое учат ученици од I – IX одделение;
- ПУ с. Панчарево со ученици во една паралелка – IV одделение;
- ПУ с. Робово во кое има три одделенија II, III и IV одделение(комбинирана паралелка),
- ПУ с. Умлена со еден ученик во една паралелка - V одделение.

Во училиштето наставата ја посетуваат 301 ученика од прво до деветто одделение, распоредени во триесет паралелки, од кои во централното училиште се 229 ученици распоредени во осумнаесет паралелки, 63 ученици има во ПУ с. Црник распоредени во девет паралелки, во подрачното училиштето во с. Панчарево се 3 ученика, распоредени во една паралелка, во ПУ с. Умлена учи еден ученик во една чиста паралелка - V одделение и во подрачното училиште во ПУ с. Робово учат 5 ученика распоредени во една комбинирана паралелка и тоа II, III и IV одделение.

Наставата во централното училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта се реализираше во една смена со учениците од I до IX одделение, од $08^{00}$ до $14^{00}$ часот. Наставата и воннастатавните активности се реализираат во 23 училници опремени со електронски табли. Кабинетот по информатика кој исто така целосно е опремен со компјутерска опрема, опремена е лабораторија за реализација на современа настава по природни науки, а во училниците од одделенска настава има 17 детски лаптопи кои ги користат учениците. Часовите по физичко и здравствено образование со учениците од I до III одделение се реализираа во малата сала, по потреба и во големата сала во училиштето и на спортското игралиште кое се наоѓа од задната страна на училиштето.

Во ПУ с.Црник наставата се реализира во 9 училници во една смена, а наставата по физичко и здравствено образование се реализира на спортските терени.

С.Црник




Во ПУ с. Панчарево наставата се реализира во 1 училница, а наставата по физичко и здравствено образование на спортските терени.

С. Панчарево




Во ПУ с.Умлена наставата се одвива во 1 училница, а наставата за физичко и здравствено образование на спортските терени.

С.Умлена




Во ПУ с. Робово наставата се реализира во 1 училница, а наставата за физичко образование на спортските терени.

С. Робово




За реализирање на наставата според наставните планови и програми беа ангажирани 45 наставници, од кои 27 предметна и 18 одделенска настава.

Административно - техничкиот персонал одговорно и стручно ги извршува своите работни обврски. Поддршка на наставниот кадар пружаат стручните соработници, педагог и психолог, а за хигиената се грижат 12 хигиеничари вклучувајќи ги и оние од подрачните училишта, еден хаус мајстор и еден ложач.

**Подготвеност на училиштето за работа во почетокот на наставната 2022/2023 година**
**(**материјално-техничка и организациско- оперативна работа)

Пред почетокот на наставната 2022/2023 година беа создадени сите материјално - технички и организациско – оперативни услови, како и кадровската екипираност за започнување на наставната година.

Беа превземени следниве активности:

- Дезинсекција, дератизација и дезинфекција на училишните простории;
- Поставување венецијан ролетни во училниците каде недостасуваа;
- Целосно чистење во спортската сала;
- Поставување на електронски табли во секоја од училниците;
- Цртање по ходниците;
- Набавка на нагледни средства;
- Набавка на лектири за училишнта библиотека;
- Изградба настрешница на влезот за ученици;
- Целосно опремена лабораторија по природни науки.

**Планирање, реализација и унапредување на воспитно - образовниот процес**
(организација и реализација на воспитно - образовната мисија)

Целокупната воспитно - образовна дејност во училиштето се организираше и реализираше низ четири структурални подрачја.

Задолжителната настава се реализираше според наставниот план и програма донесени од БРО, бројот на наставни денови во наставната 2022/2023 година во основните училишта изнесува 180 наставни денови.

За учениците од I – IV одделение освен одделенскиот наставник при реализација на наставата е вклучен и наставник по англиски јазик и наставник по физичко и здравствено образование. Со учениците од прво до четврто одделение по физичко и здравствено образование се држи тандем настава со одделенските наставници. Во V одделение, исто

така, освен одделенските наставници, настава реализираат и предметни наставници, по наставните предмети - англиски јазик, природни науки и техничко образование. Соработката помеѓу наставниците и учениците беше на солидно ниво, а учениците одлично ги прифатија и соработуваа со предметните наставници.

Оваа наставна година редовно се реализираше и изборна настава по следниве наставни предмети:

- Во централното училиште во Пехчево и во подрачните училишта во с. Црник, с. Панчарево и во с. Робово во IV одделение како слободни изборни предмети се реализираа – мултикултурна работилница во првото полугодие и фигури од хартија – оригами, во второ полугодие;
- Во централното училиште во Пехчево и во подрачните училишта во с. Црник и с. Умлена во V одделение како слободни изборни предмети се реализираа фигури од хартија - оригами во првото полугодие и градење интерперсонални односи во второто полугодие.
- во VI одделение во ПУ с. Црник и во централното училиште во Пехчево како изборен предмет се реализираше - запознавање со религиите,
- во VII одделение во централното училиште во Пехчево и во ПУ с. Црник како изборен предмет се реализираше - вештини за живеење;
- Со учениците од VIII$^{б}$ во централното училиште во Пехчево и во подрачното училиште во с.Црник се реализираше изборниот предмет - проекти од информатика, а во VIII$^{а}$ одделение во централното училиште во Пехчево се реализираше изборниот предмет – вештини за живеење,
- Во IX$^{а}$ одделение во централното училиште во Пехчево и во ПУ с. Црник како изборен предмет се реализираше програмирање, а во IX$^{б}$ и IX$^{в}$ одделение се реализираа изборните предмети – програмирање и унапредување на здравјето.

И оваа наставна година во месец мај, по насоките од МОН се спроведе анкета за учениците и родителите за изборните предмети за одделениајта кои што се уште реализираат настава по стара програма, кои ќе се изучуваат наредната наставна година, додека за оние одделенија кои реализираат настава според новата концепција беше даден прашалник за испитување на првичниот интерес на учениците за изборни предмети во прво и второ полугодие, од четирите дадени категории, според чии резултати ќе биде спроведена анкета.

Часовите по хор и оркестар предвидени според наставниот план и програма во наствањата 2022/2023 година, се одржани од страна на наставникот по музичко образование според наставен план и програма.

Дополнителна настава со учениците во одделенска настава се изведуваше најчесто по предметите: македонски јазик, математика, природни науки, општество, англиски јазик, ликовно и музичко образование. А со учениците во предметна настава дополнителната настава најчесто се реализираше по предметите: македонски јазик, англиски јазик, физичко и здравствено образование, математика, биологија, ликовно образование, музичко образование.

Додатната настава се реализираше според потребите и програмите на наставниците. Во одделенска настава најчесто беше застапена по предметите македонски јазик, математика, природни науки, општество, музичко образование, ликовно образование. Според процентот на реализација на додатната и дополнителната настава во нашето училиште оваа наставна година беше реализирано целосно.

Вонннаставните активности кои се одржаа ги потпомогнаа и овозможија сите успеси на учениците постигнати на конкурси, натпревари, изведби.

Во тек на првото полугодие во нашето училиште се реализираше поразна вежба на учениците за евакуација во случај на пожар во соработка со ТППЕ - Берово и ЈЗУ„ Д-Р Иван Ѓорѓиев“- Пехчево.

Уписот на првачињата во наставната 2022/2023 година, се одвиваше во централното училиште, со однапред изготвен распоред и организирано време. Со секое дете се вршеше интервју врз основа на кое се донесуваше одлука. Во тек на месец јуни идните првачињата заедно со нивните воспитувачки од предучилишно образование беа во посета на училиштето, се запознаа со просториите и нивната наставничка во училиштето.

И оваа наставна година се продолжи традицијата со одржување на завршна академија на крајот од наставната година во која учествуваа учениците од петто до деветто одделение од централното училиште и ПУ с. Црник под менторство на одделенските наставници, наставниците по македонски јазик и наставникот по музичко образование. И оваа наставна година се реализираше доделување на награди – книги, во склоп на завршната академија за учениците од деветто одделние, кои во сите години од школувањето во основното образование имаат постигнато континуирано одличен успех со просек 5.00, а беше прогласен и првенецот на генерацијата од завршното одделние.

## Успех на учениците

На крајот од оваа наставна 2022/2023 година, учениците од нашето училиште постигнаа солидни резултати во споредба со истиот период од минатата наставна година, иако минимално, постои варијација на средниот успех за разлика од претходната наставна година. Задоволни сме од постигнатиот успех на ниво на училиште, кој континуирано, без поголеми варијации се движи последните три години со неколку мали исклучоци.

| **Одделение** | **Наставна 2020/2021г** | **Наставна 2021/2022г** | **Наставна 2022/2023г** |
|---|---|---|---|
| **I, II, III** | описно се оценети | описно се оценети | описно се оценети |
| **IV** | 4.22 | 3.77 | 4.03 |
| **V** | 3.79 | 4.16 | 3.64 |
| **VI** | 4.03 | 3.59 | 3.88 |
| **VII** | 4.21 | 3.96 | 3.69 |
| **VIII** | 3.87 | 3.99 | 3.99 |
| **IX** | 3.67 | 3.96 | 4.19 |
| **VI – IX** | 3.94 | 3.87 | 3.93 |
| **I – IX на ниво на Училиште** | **3.96** | **3.90** | **3.90** |




Во нашето училиште настава се изведува само на македонски наставен јазик, иако имаме застапено ученици и од други национални припадности (Турци, Роми и Бошњаци), особено во ПУ с. Црник.

Од доставените извештаи на наставнички совет од страна на наставниците може да се констатира дека наставниот материјал планиран за наставната 2022/2023 година по сите предмети е реализиран.

Во оваа наставна година се реализирани сите работни наставни денови со мали исклучоци во реализацијата на фондот на часови земајќи ги предвид неработните денови и празници. Во училиштето според работните услови и опременоста, во реализирањето на задолжителната настава се применуваа и користеа сите современи наставни методи и форми на работа, а за следење на напредувањето на учениците и проверка на усвоените знаења се користеа и применуваа тестови на знаења, контролни задачи, писмени работи, вежби, наставни ливчиња и др.

Учениците од I, II и III одделение се описно оценети. Учениците од I одд. покажаа способност за прилагодување на новата средина, стекнаа навика за дружење, го усвоија нивото на почетно читање и пишување, ги разложуваат двоцифрените броеви до 30 на десетки и единици, читаат време во часови, разликуваат парни и непарни броеви, идентификуваат положба меѓу објектите во просторот, прават разлика меѓу сегашност во споредба со минато и иднина и се подготвени да одговорат на новите барања што стојат пред нив во следната наставна година. Учениците од II одделение се описменети, читаат, ја разбираат содржината на прочитаното, запишуваат и споредуваат броеви, собираат и одземаат со премин, множат и делат со 2, 3, 4 и 5 до 100, препознаваат пишуваат и определуваат дропки, водат грижа за своето здравје и средината во која живеат и учат, имаат чувство на припадност во својата татковина. Учениците од III одделение читаат точно и правилно, исто така ја усвоија и латиницата, пишуваат разбирливо, собираат и одземаат со премин до 1000, ја усвоија таблицата множење, а има ученици кои користат техники и вештини при решавање на математички проблеми. Ги разбираат сообраќајните знаци, можат самостојно без проблем и безбедно да учествуваат во сообраќајот.

За учениците кај кои имаше забележано потешкотии во совладувањето на наставните содржини, беа реализирани часови по дополнителна настава, за развој и постигнување на основниот квантум на знаење за соодветната возраст.

Учениците од IV одделение оваа наставната година покажаа поголем успех во споредба со минатата наставна година, а во V одделение оваа наставна година учениците покажаа послаб успехот во споредба со минатата наставна година.

Кај учениците од VI одделение се забележува зголемување на успехот во споредба од предходната година, а кај учениците од VII одделение се забележува намалување на успехот во споредба од предходната година.

Учениците споредбено, секоја година, вложуваат максимум резултати заедно со наставниците, а оваа наставна година во предметна настава видливо е зголемување на успехот кај учениците од деветто одделение, додека учениците од VIII одделение си го задржале истиот успех од претходната наставна година. Кај останатите има само минимални варијации на постигнатиот успех, споредбено што значи зголемување на успехот кај одделни ученици и зголемување на успехот по одделени предмети.

Кај учениците од VI до IX одделение има варијации во успехот последните три учебни години. Најнизок среден успех постигнаа учениците од V одделение – 3.64, а највисок учениците од IX одделение – 4.19. Според анализите направени на крајот од наставната година најмногу одлични ученици има во четврто одделение, 20 од 36 ученика, а најмалку во седмо одделение 5 од 30 ученика.

Во оваа наставна година има една ученичка од предметна настава која посетуваше дополнителна настава во јуни по еден предмет, по биологија. Оваа наставна година има една ученичка од деветто одделение која полагаше одделенски испит по сите предмети, истата успешно ги положи испитите и заврши деветто одделение. Тројца ученици од одделенска настава се преведуваа, двајца се од ПУ с. Црник од трето одделение и еден ученик од централното училиште кој учеше во прво одделение.

Бројот на ученици кои се запишаа на почетокот на наставната година не соодветствува со оние што ја завршија годината. Од почетокот па се до крајот на наставната година преведница зедоа вкупно 19 ученика. Ученици кои зедоа преведници се по разни основи и школувањето го продолжија на друго место. Во однос на ова прашање не ни одат во прилог наталитетот и иселувањето во странство. Се забележува дека со текот на годините бројот на ученици е се помал бидејќи имаме одделенија само со по една паралелка, намалување на наталитетот и одлив на ученици поради промена на местото на живеење.

Во голем дел сме задоволни од постигнатиот успех, бидејќи сите заеднички, и наставниците и учениците, уште на почетокот од наставната година си поставија цели во врска со наставните активности и кон тоа целосно се насочени. Пред се, најголем приоритет се дава на објективното и транспарентно оценување.

## Изостаноци и поведение на учениците

Оваа наставна година бројот на оправдани и неоправдани изостаноци од страна на учениците задоволува. Малиот број на изостаноци по ученик е една од позитивните страни на нашето училиште, со што можеме да се пофалиме.

Во одделенска и предметна настава изостаноците се најчесто од оправдани причини, поради болест или по барање од родителите. Бројот на неоправдани изостаноци најчесто се должи на доцнењето на час или недисциплина на часот од страна на учениците, или нередовно посетување на настава од страна на поедини ученици особено во деветто одделение.

**Споредбени показатели за оправдани и неоправдани изостаноци:**

Според предадените годишни извештаи на наставниците се изготви извештај за редовноста на учениците, односно процентуалната застапеност по ученик на оправдани и

неоправдани изостаноци за наставната 2022/2023 година. Податоците се прикажани табеларно и графички.

| **одделение** | **број на ученици** | **оправдани изостаноци по ученик %** | **неоправдани изостаноци по ученик %** |
|---|---|---|---|
| **I** | 27 | 8.30 | 0.00 |
| **II** | 36 | 7.81 | 0.00 |
| **III** | 30 | 13.66 | 0.00 |
| **IV** | 36 | 15.69 | 0.06 |
| **V** | 18 | 24.06 | 0.11 |
| **VI** | 32 | 16.56 | 0.50 |
| **VII** | 30 | 42.10 | 1.83 |
| **VIII** | 40 | 23.40 | 1.70 |
| **IX** | 50 | 16.20 | 19.10 |
| **Вкупно** | 299 | **26.30** | **2.59** |
| | | **15.80** | |




Според добиените резултати се гледа дека бројот на оправданите и неоправданите изостаноци по ученик не е голем и нема поголеми и значајни отстапувања, што е позитивна страна на политиката на училиштето. Бројот на оправдани изостаноци најчесто е поради болест, поради повреди и скршеници во зимскиот период, додека неоправданите изостаноци се најчесто само на одделни ученици и на секој ученик според бројот на неоправдани изостаноци му е изречена соодветна педагошка мерка. Неоправданите изостаноци се најчесто поради нередовно посетување на настава. Најголем број оправдани изостаноци по ученик има во VII одделение 42.10 %, а најмал број има во I одделение 8.30% по ученик. Најголем број неоправдани изостаноци има во IX одделение 19.10%, кои се во најголем број на две ученички кои не посетуваа редовно настава. Додека во прво, второ и трето одделение воопшто нема неоправдани изостаноци.

Во оваа настава година има една ученичка од IX одделение коіа посетуваа дополнителна настава во јуни по еден предмет. Една ученичка од IX одделение полагаше одделениски испит во јуни по сите предмети поради нередовно посетување настава. Оваа наставана година ниту еден ученк не ја повторуваше годината.

Уште со почетокот на оваа наставана година, родителите и учениците беа запознаени со правилата на однесување и педагошките мерки за учениците. Родителите беа запознаени и навремено информирани, дека за оние ученици кои ќе покажат недисциплина, нередовност или ќе манифестираат некои несоодветни облици на однесување кон наставата, без разлика кој начин на настава го посетуваат ќе следуваат соодветни педагошки мерки. Во текот на целата година бевме задоволни од одзивот на родителите за советување и соработка.

## Грижа на училиштето за здравјето на учениците

Целта на училиштето за здравјето на учениците е градење здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, создавање на навики за одржување на личната хигиена, општата хигиена во училиштето и домот. Одделни задачи и содржини поврзани со здравјето на учениците се планирани и реализирани со програмата по физичко и здравствено образование, биологија, природни науки и други, а еден дел се реализираа на часот од образование за животни вештини. Со цел поголема едукација на учениците се одржа предавање и вежби за укажување на прва помош за учениците од предметна настава од страна на д-р Елена Веселинска и претставник од Црвен Крст.

Во наставната 2022/2023 година немаше отстапувања од планираните систематски прегледи за учениците. Стоматолошки прегледи за учениците од I до IX одделение, не беа навремено спроведени поради немање соодветен кадар за вршење на оваа дејност.

Оваа наставна година посебно внимание посветивме на хигиената во училиштето со секојдневно чистење на училишните простории, проветрување, вршење на дезинфекција, со цел заштита на здравјето на учениците.

Редовно соработуваме со Здравниот дом при обработка на различни теми кои се клучни за здравјето на децата, за кои учениците исто така беа редовно информирани.

## Стручни тела и органи

Директорот на училиштето го планираше, свикуваше и организираше Наставничкиот совет во текот на целата наставна година, според планираното и во него учествуваа сите наставници и стручните соработници. Се разгледуваа сите актуелни прашања и проблеми кои се јавуваа во училиштето и за истите се изнаоѓаа колективни позитивни решенија. Исто така се разгледуваа прашања и теми за стручно усовршување и можности за унапредување на воспитно-образовниот процес.

Одделенските совети се одржуваа редовно, реализирајќи ја предвидената програма. На состаноците се вршеше сестрана анализа на моменталните состојби на учениците, поединечно, во даден период и наоѓање начин како да се дејствува понатаму во позитивна насока.

Формираните стручни активи по наставни предмети, подрачја и одделенија во одделенска настава, работеа според планираното и доставуваа извештаи за сработеното.

**Културни и образовни активности на училиштето во локалната средина**

Преку оваа активност сакаме да допринесеме за подигање на културното ниво на самите ученици, локалното население и пошироко.

Соработката со родителите на нашите ученици во текот на оваа наставна година се оствaруваше преку редовните родителски средби (се одржаа сите планирани), но и индивидуалните средби со поедини родители, наставници и стручни соработници, со директорот. Забележано е дека оние родители чии ученици се со послаб успех или поведение, поретко сакаат да соработуваат со училиштето.

Нашето училиште успешно соработуваше со останатите основни училишта во соседните општини, со подрачните единици на БРО во Берово и Штип, со ЕЛС, со одделенијата при МОН - Скопје.

Во училиштето посебно внимание се посветуваше на информирањето и редовните разговори, како на вработените така и на учениците, родителите и локалната средина. Оваа наставна година, родителите можеа да добијат информација за постигањата на своите деца, организацијата и реализацијата на воспитно - образовната работа во училиштето, преку средба во училиштето, остварен контакт преку телефон или преку социјалните мрежи. Информирањето во локалната средина се вршеше преку ФБ и веб страната на училиштето, со соопштенија, известувања и друго.

## Реализација на активностите од Визијата на училиштето

Применувајќи ги главните правци за развој на учениците и промените во работата на училиштето се реализираа следните активности од приоритетите во Годишната програма на училиштето.

За подобрување на редовноста на учениците на настава, одделенските раководители од I - IX одделение, наставниците, училишниот психолог и училишниот педагог, ги реализираа следните активности со тимско работење:

* Водење редовни советодавни разговори со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата и учениците кои не го почитуваат училишниот куќен ред;
* Информирање на родителите за редовноста на нивните деца, советодавни средби и разговори со родителите на учениците преку разни средби;
* Организирани советувања за родителите чии ученици нередовно ја посетуваат наставата, видно го намалуваа успехот во учењето од страна на училишниот психолог, во повеќе наврати, согласно нормите пропишани со Законот за основно образование;
* Организирани советување за учениците индивидуални или групни од повеќе аспекти.

И оваа наставна 2022/2023 година редовно е водењето на Е - дневникот од страна на сите наставници вклучени во наставниот процес. Редовно се запишуваа податоците, со исклучок на некои ситници. Заклучно со месец јуни сите податоци кои ги дозволи софтверот се пополнети од страна на наставниците.

Стручните активи одржуваа редовни состаноци и преку следење, проверување и мерење на напредокот на учениците ги реализираа предвидените активности од Годишната програма за работа на училиштето.

Примената на дијагностичкото, формативното и сумативното проверување на знаењата на учениците се темели на Блумовата таксономија.

Определувањето на бројчаната оценка е според постигањата на ученикот во однос на памтење и репродуцирање на наставните содржини, разбирање на обработените содржини, примена на наученото во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоки интелектуални способности на анализа, синтеза и вреднување.

Применувани се тестови на знаења по таксономски нивоа. Од прво до трето одделение учениците се оценети со описна оценка од наставниците, за учениците од четврто до шесто одделение отцените се наизменично описни и бројчани оценки на крајот од наставната година, а учениците од седмо до деветто одделение се бројчано оценети. За сите учениците се води ученичко досие. За учениците од четврто до деветто одделение 80 % од наставниците применуваа тестови на знаење. Утврдени се и стандарди на знаења за три или четири нивоа. За позитивна оценка е потребно ниво од 50% знаења и способности на ученикот, за добар 3 над 60%, за многу добар 4 над 75% и за одличен 5 над 80%.

Оваа наставна година во нашето училиште во текот на второто полугодие се реализираше Еразмус + проектот - „Трансформативна сила на дигитализацијата во училиштата“. Во рамките на Еразмус+ проектот „Трансформативна сила на дигитализацијата во училиштата“, поддржан од Нацоналната агенција за европски образовни програми и мобилност, КА1- **Краткорочни проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на училишно образование**, во периодот од 08.05.2023 до 18.05.2023 во Мадрид, Шпанија, 10 наставника од одделенска и предметна настава од ООУ„Ванчо Китанов“ – Пехчево учествуваа на обуки од областа на училишно образование (курсеви и работа во сенка).

Наставниците учесници на мобилноста покрај зајакнувањето на своите дигитални вештини имаа можност одблиску да се запознаат со образовниот систем во Шпанија, условите и начинот на реализација на наставниот процес и инклузивноста, практични искуства во доменот на дигитализацијата, просторно-техничките услови за работа на училиштата домаќини како и запознавање со шпанската култура и традиција.

Како дел од завршните настани на проектот на 31.05.2023 година во просториите на училиштето се одржа дисеминација на знаењата и искуствата стекнати на мобилноста (обуките) во Мадрид, Шпанија. Целта на училиштето е со ваквите проекти да го подобри квалитетот на наставата како и унапредување и модернизирање на образованиот процес и доближување до глобалните трендови на квалитетно образование.

Во текот на второто полугодие во соработка со здружението АС - Анима Психовелнес и Советување - Гостивар, нашето училиштето беше вклучено во стандардизација на Тест за бележење на траги А и Б, со предходна согласност од родителите на учениците.

За овие цели од Годишната програма за работа на училиштето информирани се: Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители, учениците и родителите на родителските средби.

За успехот и поведението на учениците, родителите се запознаваа на родителските средби. Оваа наставна 2022/2023 година родителските средби редовно се одржуваа во текот на цела наставна година. Секој одделенски раководител има одржано по 4 родителски средби, а некои и повеќе во зависност од потребата. Во јануари 2023 година, на родителска средба, беше соопштен успехот и поведението за учениците од нашето училиште од првото полугодие, а исто така и од 14 - 16 јуни 2023 година, родителите беа запознаени со годишниот успех на учениците. Задоволни сме од одзивот на родителите и соработката со нив.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА
# 19.10.2022

**Акција: Практична работилница за начинот на собирање и хербаризација на растенија**

**Цел на акцијата**: Учениците да се запознаат со методот на собирање и хербаризација на растенија, со цел да се проучуваат органи на растението, видови растенија и нивно значење

**Опис:**

Во изработката на збирката од хербаризирани растенија учествуваа ученици од петто одделение.

Прво на учениците им беше соопштена целта за изработка на збирка од хербаризирани растенија, потоа се одржа состанок на кој се изврши делегирање на активности (собирање на податоци за видови растенија кај нас и податоци за истите-каде растат, како се развиваат, какви услови за живот бараат, кога цветаат, кога созреваат и што од нивните органи го користи човекот во исхраната како плод, листови или стебло а чаеви и сл). Потоа на посебен час- по предлог на учениците се избра кој ќе бидат хербараизирани растенија. На следен состанок веќе се длегираше кој ученик ќе за кое растение ќе се грижи при хербаризацијата, кој ќе го црта тоа растение.

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соопштување на целите за изработка на збирка од хербаризирани растенија | 01.10.2022 | Наставник координатор ученици | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и активности кои би требало да се реализираат | 05 .10.2022 | Наставник координатор ученици | / |
| 3 | Планирање на активноста и собирање матерјали | 07.10.2022 | Наставник координатор ученици | 500 |
| 4 | Хербаризација | | Ученици, наставник | |
| **ВКУПНО** | | | | **500** |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии од изрботна хербариум | / |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 9 | 5 |
| 2. | Наставници | 2 | 2 |
| 3. | Вработени | | |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | | 1 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | 11 | 8 |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА**
**26.01.2023**

**Акција: Одбележување на Меѓународниот ден на едукација за животната средина**

**Цел на акцијата**: Учениците да се запознаат со содржини Земјата е прекрасно место за живеење, за да остане таква треба да ја чуваме и негуваме, да ја штитиме и да не ја уништувме. 🌳🌎♻️. Акцијата се реализира со Едукативниот Центар кој инспирира поврзаност на луѓето со природата, посветеност на заштитата на природата и природните реткости во Брегалничкиот регион, со неговата уникатност во источниот регион за заштитата на животната средина.Едукација и подигање на јавната свест кај сите генерации, за потребите од поблизок однос со природата. Да се издвои убавото, корисното, здравото за да може да се влијае врз еколошките вредности и вредностите за одржлов развој кои ќе преминат во трајни навики.

**Опис:**
Во предавањето беа опфатени ученици од шесто одделение, и Едукативниот Центар кој инспирира поврзаност на луѓето со природата, посветеност на заштитата на природата и природните реткости во Брегалничкиот регион, со неговата уникатност во источниот регион за заштитата на животната средина.Едукација и подигање на јавната свест кај сите генерации, за потребите од поблизок однос со природата. Да се издвои убавото, корисното, здравото за да може да се влијае врз еколошките вредности и вредностите за одржлов развој кои ќе преминат во трајни навики.

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соопштување на целите за соработка со Едукативниот центар | 15.01.2023 | Наставник координатор Ученици, Едукативен центар | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и активности кои би требало да се реализираат | 20 .01.20223 | Наставник координатор ученици | / |
| 3 | Планирање на активноста и собирање матерјали | 25.01.2023 | Наставник координатор ученици | |
| 4 | Сориоведување на предавањето | 26.01.2023 | Ученици, наставник | |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии од изрботна хербариум | / |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 6 | 6 |
| 2. | Наставници | 2 | 2 |
| 3. | Вработени | | |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | | 1 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | 8 | 9 |





**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА НАСТАН**
**21.03.2023**

**Настан: Одбележување на 21 Март - ден на пролетта, денови на екологијата со мотото “Моите желби до облаците“.**

**Цел на акцијата**: Учениците да се запознаат со содржини Земјата е прекрасно место за живеење, за да остане таква треба да ја чуваме и негуваме, да ја штитиме и да не ја уништувме, бидејќи немаме ресервна планета

**Опис:**
Во активноста учествуваа сите ученици од прво до деветто одделение.
Настанот се спроведе во неколку чекори: Едукативно предавање, селектирање на отпад и летање на летала направени од материјал за реупотреба.

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соопштување на целите за соработка со Едукативниот центар | 10.03.2023 | Наставник координатор Ученици, Директор | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и активности кои би требало да се реализираат | 11 .03.2023 | Наставник координатор Ученици, тимови | / |
| 3 | Планирање на активноста и собирање матерјали | 12.03.2023 | Наставник координатор ученици , тимови | |
| 4 | Сориоведување на предавањето | 21.03.2023 | Ученици, наставник | |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии од изрботна хербариум | / |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 143 | 147 |
| 2. | Наставници | 9 | 33 |
| 3. | Вработени | | |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | | 1 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | 152 | 180 |






**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА**
**22.04.2023**

**Акција: Одбележување на Светскиот ден на Планетата Земја**

**Цел на акцијата**: Учениците да се запознаат со содржини Земјата е прекрасно место за живеење, за да остане таква треба да ја чуваме и негуваме, да ја штитиме и да не ја уништувме. 🌳🌍♻️. Акцијата се реализира со Едукативниот центар за зачувување на природата во с. Негрево кој инспирира поврзаност на луѓето со природата, посветеност на заштитата на природата и природните реткости во Брегалничкиот регион, со неговата уникатност во источниот регион за заштитата на животната средина. Едукација и подигање на јавната свест кај сите генерации, за потребите од поблизок однос со природата. Да се издвои убавото, корисното, здравото за да може да се влијае врз еколошките вредности и вредностите за одржлов развој кои ќе преминат во трајни навики.

**Опис:**
Во предавањето беа опфатени ученици од шесто одделение, и Едукативниот центар за зачувување на природата во с. Негрево, кој инспирира поврзаност на луѓето со природата, посветеност на заштитата на природата и природните реткости во Брегалничкиот регион, со неговата уникатност во источниот регион за заштитата на животната средина.Едукација и подигање на јавната свест кај сите генерации, за потребите од поблизок однос со природата. Да се издвои убавото, корисното, здравото за да може да се влијае врз еколошките вредности и вредностите за одржлов развој кои ќе преминат во трајни навики.

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соопштување на целите за соработка со Едукативниот центар | 10.04.2023 | наставник координатор Ученици, Едукативен центар | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и активности кои би требало да се реализираат | 20 .04.2023 | наставник координатор ученици | / |
| 3 | Планирање на активноста и собирање матерјали | 21.04.2023 | Наставник координатор ученици | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Сориоведување на предавањето | 22.04.2023 | Ученици, наставник | |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии од изрботна хербариум | / |
| 5 | | | |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 6 | 6 |
| 2. | Наставници | 2 | 2 |
| 3. | Вработени | | |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | | 1 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | 8 | 9 |






**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА**
**22.05.2023**

**Акција: Одбележување на Светскиот ден на планетата Земја**

**Цел на акцијата**: Учениците да се запознаат со содржини 22 мај - Светски ден на биолошката разновидност.

Едукативен центар за зачувување на природата с.Негрево се вклучи во одбележување на овој значаен ден.

Биодиверзитет (биолошка разновидност) претставува разновидност помеѓу живите организми од различно потекло.
Ги вклучува копнените, морските и останатите водени екосистеми и еколошки комплекси чии дел се:
- Гени - Генетски биодиверзитет;
- Видови - Специфичен биодиверзитет;
- Екосистеми - Екосистемски биодиверзитет.

Брегалничкиот регион се одликува со голем број на ендемити, реликти и ретки видови, се смета за потенцијално жариште на македонскиот, па и европскиот биодиверзитет.
Карактеристично за биодиверзитетот е тоа што биолошката разновидност е еволутивен одговор на непрестанатата променливост на условите за животна средина. Токму од тие причини рамнотежата во биосферата се одржува благодарение на разновидноста на живиот свет.
Загрижувачки е тоа што многу видови исчезнуваат уште пред ние да станеме свесни за нив и за улогата што тие ја имаат во кругот на животот.
Милијарди индивидуални популации што живееле низ целата планета веќе не постојат. Научниците, веќе го користат терминот "биолошко опустошување" за губењето на флората и фауната а со тоа се доведени во прашање и основите на човечката цивилизација.
Промените на климата се ревилзибилни, и покрај тоа што за да се поправи штетата би биле потребни векови или милениуми. Но откако некој вид ќе изумре, особено ако некој вид што не е познат за науката, нема враќање.

Сите може да помногнеме!!!
Единствено решение е да се овозможи потребниот простор и заштита за природата со акцент на вредностите на биодиверзитетот.

**Опис:**

Во предавањето кое се вклучија ученици од деветто одделение од централното и ПУ с. Црник

Активноста се реализираше во едукативниот центар и патеката на Петко.

Учениците го набљудуваа и истражуваа биодиверзитетот, ги бараа причините за различноста кај одредени единки, дискутираа за тоа како би дошло до загрозување на одредени видови, кој е причината за сето тоа.

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соопштување на целите за соработка со Едукативниот центар | 15.04.2023 | Наставник координатор Ученици, Едукативен центар | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и активности кои би требало да се реализираат | 16 .04.2023 | Наставник координатор ученици | / |
| 3 | Планирање на активноста и собирање матерјали | 21.05.2023 | Наставник координатор ученици | |
| 4 | Сориоведување на предавањето | 22.05.2023 | Ученици, наставник | |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии од изрботна хербариум | / |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 7 | 12 |
| 2. | Наставници | | 1 |
| 3. | Вработени | | |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | 1 | 1 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | 8 | 14 |



**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАН НАСТАН**
**27.05.2023**

**Настан:**
**Одбележување на Светскиот ден на планетата Земја во соработка со Едукативниот центар во Негрево како проект кој е поддржан од Програмата за зачувување на природата финансиран од Швајцарската агенција**

**Цел на настанот:** Целта на настанот како што информираа организаторите е да се даде акцент на мотото на годинешното одбележување преку истражување на локалитети кои изобилуваат со богата био-разновдност, а се карактеристични за пехчевскиот крај.

**Опис:**

Во предавањето кое се вклучија ученици од деветто одделение од централното и ПУ с. Црник.

Во активностите се вклучи и Македонското еколошко друштво чиј претставник Светлана Пејовиќ ги запозна младите учесници со самото значење на биодиверзитетот.

Како биолог и координатор на Програмата за еколошка едукација можам да кажам дека Македонското еколошко друштво долги години работи на проучување и заштита на биодиверзитетот денес сме тука заедно со граѓаните на Пехчево учениците од Локалните училишта да го прославиме овој ден преку истражување на биолошката разновидност во регионот. Ќе го посетиме тресетиштето на Јудови Ливади ќе го посветивме нашето истражување на ова живеалиште и на единките кои живеат таму. рече Пејовиќ.

Годинава Обединетите нации го одбележуваат меѓународниот ден на билошката разновидност под темата „Од договор до акција“, алудирајќи дека по постигнувањето на договори за заштита на природата, на ред се конкретни чекори за нивно имплементирање.
Настанот се реализираше преку предавање, посета на домот на ендемичното инсектојадно растение, претставување на инспирациите на платно

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соопштување на целите за соработка со Едукативниот центар | 15.04.2023 | Наставник координатор Ученици, Едукативен центар | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и активности кои би требало да се реализираат | 16 .04.2023 | Наставник координатор ученици | / |
| 3 | Планирање на активноста и собирање матерјали | 21.05.2023 | Наставник координатор ученици | |
| 4 | Сориоведување на предавањето | 22.05.2023 | Ученици, наставник | |
| 5 | Одбележување на настанот | 27.05.2023 | Наставник координатор Ученици, Едукативен центар, МЕД | |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии од изрботна хербариум | / |
| 5 | | | |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 7 | 12 |
| 2. | Наставници | | 1 |
| 3. | Вработени | | |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | 1 | 1 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | 8 | 14 |

**Медиумска покриеност:**

| Медиум | Број на испратени соопштенија | Број на објави | Број на гостувања | Број на присутни медиуми |
|---|---|---|---|---|
| Радио | | | | |
| Телевизија | | | | 1 |
| Електронски медиуми | | | | |
| Печатени медиуми | | | | |
| Интерно гласило | | | | 1 |
| Веб-страница | | | | 1 |
| Информатор на општината | | | | |



ц









**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА РАБОТИЛНИЦА**
**13.06.2023**

**Работилница за „Искуствено учење" од воспоставување Мрежа за искуствено учење.**

**Цел на работилницата:** Да се согледа придобивките од искуственото учење во редовната настава

**Опис:**

Во предавањето кое се вклучија ученици од деветто одделение од централното училиште и ПУ с. Црник.

Работилницата „Истражи го Барскиот екосистем" се реализираше според спроведени активности на локалитетот бара Езерце во градот Пехчево, и мини барата во дворот на ЕЦ во с.Негрево.

Работилницата се состоеше од два дела, првиот теренски со набљудување, колекционирање, собирање на материјали од терен и вториот дел од анализа на собраниот материјал со хербаризирање и набљудување под микроскоп и сумирање на спроведените активности.

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Соопштување на целите за соработка со Едукативниот центар | 1.06.2023 | Наставник координатор Ученици, Едукативен центар | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и активности кои би требало да се реализираат | 4 .06.2023 | Наставник координатор ученици | / |
| 3 | Планирање на активноста и собирање матерјали | 5.06.2023 | Наставник координатор ученици | |
| 4 | Сориоведување на предавањето | 6.06.2023 | Ученици, наставник | |
| 5 | Одбележување на настанот | 13.06.2023 | Наставник координатор Ученици, Едукативен центар, МЕД | |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии од изрботна хербариум | / |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 7 | 12 |
| 2. | Наставници | | 1 |
| 3. | Вработени | | |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | 1 | 1 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | 8 | 14 |

**Медиумска покриеност:**

| Медиум | Број на испратени соопштенија | Број на објави | Број на гостувања | Број на присутни медиуми |
|---|---|---|---|---|
| Радио | | | | |
| Телевизија | | | | |
| Електронски медиуми | | | | |
| Печатени медиуми | | | | |
| Интерно гласило | | | | 1 |
| Веб-страница | | | | |
| Информатор на општината | | | | |






## Извештај за работата на Училишниот одбор

Во текот на наставната 2022/2023 година, Училишниот одбор работеше согласно надлежностите дадени во Законот за основно образование и планирањата во програмата за работа.

На ден 19.10.2022 година со мнозинство гласови од присутните членови на Училишен одбор за нов претседател е избрано лицето Викторија Гошевска.

Во месец октомври 2022 година беше усвоен анекс на Предлог Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов“ Пехчево за наставната 2022/2023 година – ПРИЛОГ 24 (Програма за работа во продолжен престој со ученици од различни паралелки и различни одделенија), усвоен е Деловникот за работа на Советот на родители и донесена е Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево. На истата седница разгледани се документите на пријавени кандидати по објавен јавен оглас и даден е предлог до директорот за избор од пријавените кандидати.

Во ноември 2022 година донесена е одлука за пренамена на средства во Буџетот за 2022 година на сметка 903 - сметка за наменски дотации и одлука за покренување на постапка за расходување на застарена и неупотреблива компјутерска опрема и стар и неупотреблив парен котел на дрвана правно лице регистрирано за откупи промет на електронски отпад и отпаден материјал.

Во декември 2022 год. беше донесена одлука за финансиски план за 2023 година кој се предлага до основачот, како и Годишен план за јавни набавки за 2023 година.

Во јануари 2023 година донесена е одлука за финансиски план за донаторска сметка – за Еразмус + проект за 2023 година.

На седницата на УО во февруари 2023 година, беше разгледан и усвоен полугодишниот извештај за работа на ООУ Ванчо Китанов за наставната 2022/2023 година, донесена е Развојна програма за работа наООУ ,,Ванчо Китанов“ - Пехчево за период 2023 – 2027 година, дадено е одобрение за Програмата за изведување на еднодневна екскурзија со учениците од III одделение, Програмата за изведување на дводневна екскурзија со учениците од VI одделение и Програмата за изведување на тридневна екскурзија со учениците од IX одделение при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево за наставна 2022/2023 година, како и Годишната сметка за 2022 година(наменски дотации, самофинансирачки активности), која беше доставена до основачот.

Во јуни месец 2023 година донесена е одлука за прераспоредување на средства – остаток од 2022 година за користење во 2023 година на сметка 903 – наменски дотации, одлука за усвојување на дополнувањата на годишниот план за јавни набавки наООУ ,,Ванчо Китанов“ Пехчево за 2023 година и донесена е одлука за формирање на Комисија за самоевалуација.

Беа донесени повеќе акти и одлуки, поврзани со ангажирање на соодветен наставен кадар, набавка на наставни и нагледни средства, во прилог на подобрување на условите за учење и работа, одлуки за постојани и повремени комисии. Беа донесени повеќе мерки за подобрување на условите за работа како во централното, така и во подрачните училишта.

***Претседател на Училишен Одбор***
Викторија Гошевска

**Извештај за работата од директорот**

Програмата за работа на директорот е исполнета со планирање, програмирање, организација, насочување, контрола во вршењето на воспитно- образовната работа. Последователно следуваат дел од активностите кои беа реализирани оваа наставна година.
* Се премина и кон изработка на распоредот на часовите;
* Подготвената Годишна програма за работа на училиштето ја поднесовме како предлог за усвојување до Советот на Општината.

Уште во август 2022 година, со завршните подготовки за наставната 2022/2023 година беше јасно поставена организацијата за сите предвидени активности, кои се составен дел од Годишната програма за работа на училиштето;
- Организација на стручните активи, одделенските совети, наставничките совети;
- Анализа на писмените извештаи од стручните активи;
- Издвојување на приоритети од Развојната програма за работа, за оваа наставна година;
- Распределба на часовите согласно нормативот за наставен кадар во основно образование, одредување одделенски раководители;
- Подготовка на распоред на часови и дежурни наставници,
- Запознавање на наставниците со тековни промени во врска со програмите, прирачници, учебници;
- Организација за правење распоред за додатна и дополнителна настава;
- Подготовка на листа на приоритети за набавка на нагледни средства;
- Координирање на работата на стручните активи;
- Доставување на Годишната програма за работа на училиштето до Советот на Општината.

Во текот на наставната година активно се работеше и на:
-Следење и согледување на реализацијата на планираното во Годишната програма за работа;
- Контролирање на исправноста на водење на педагошката евиденција;
- Воведување и поддршка на наставниците почетници;
- Посета на редовната настава и другите видови на вонаставни активности;
- Согледување и анализа на активните методи на настава;
- Подршка на наставниот кадар во иновирање на наставата;
- Индивидуални разговори со учениците и родителите на учениците кои изостануваат од настава и покажуваат слаби резултати во успехот;
- Координирање на активностите за одбележување на Патрониот празник на училиштето;
- Консултативни средби со заедницата на учениците за унапредување и градење на културата на училиштето;
- Информирање на пошироката јавност за резултатите на училиштето;
- Подготовка на годишен извештај за работата на училиштето;
- Соработка и учество на состаноци со членовите на Совет на родители;
- Соработка и учество на состаноци со членовите на УО;
- Соработка со ЕЛС;

Од моја страна беше следена наставата која се реализира во нашето училиште. При посетата на часовите ја следев вкупната активност на учениците на часот и интеракцискиот однос наставник-ученик, ученик- наставник, ученик-ученик. Го следев и активното учество во реализацијата на програмата за иновирање на воспитно-образовната дејност. По средувањето на впечатоците и резултатите од следењето можам да кажам дека сум задоволна од работата на наставниците. Имено, наставниците имаа писмена или електронска дневна подготовка и не се случија значајни промени на часот по истата, а доколку имаше тоа уредно го забележуваа во самоевалуацијата од часот. Интеракцијата од сите типови, зависно од наставната содржина, беше задоволувачка. Разговорот после часот, давање препораки, поделба на мислење, беше позитивно прифатено и даде резултати.

Состаноците на стручните активи, одделенските и наставничките совети редовно се одржуваа со реализирање на планираното. За сето тоа постои уредна евиденција во училиштето. Оваа наставна година имавме 2 приправника кои соработуваа со колегите. Имаше голем број консултации и проверка на водењето на педагошката евиденција и документација и се констатира дека таа уредно се пополнува и води, со исклучок кај поединци.

Новините кои стасуваа до училиштето, а кои се однесуваат на наставниците или стручните соработници навремено се проследуваа.

Наставниците редовно ги посетуваа семинарите организирани од МОН и БРО.

Залагањето на наставниците се гледа и од учеството на голем број натпревари и постигнувањето солидни резултати. За сите постигнувања се трудевме во текот на цела наставна година редовно да ги информираме совет на родители, училишниот одбор и пошироката јавност.

**Извештај за работата на училишниот педагог**

- Изготвување на Годишна глобална програма за сопствената работа;
- Изготвување на оперативен план за реализирање на годишната програма
- по месеци
- Учество во изработката на Развојниот план на училиштето;
- Учество во изработката на Годишната програма за работата на училиштето;
- Учество во изработката на полугодишен и годишен извештај за работата
- на училиштето и нивна анализа;
- Учество во работата на одделенските и наставничките совети;
- Изготвување на годишен извештај за сопствената работа;
- Учество во работата за примени и вратени учебници и издавање соодветна документација за истите: потврди, извештаи, записници и сл.
- Вршење упис на учениците во прво одделение;
- Испитување на ученици при упис во прво одделение – вршење интервју со секое дете;
- Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во прво одделение;
- Следење на прилагоденоста на учениците во прво одделение;
- Правење на споредбени анализи за успехот на учениците и нивните изостаноци според пол и национална припадност;
- Следење на соработката со наставниците и родителите на ученици кои имаат потешкотии во наставниот процес;
- Откривање и стручна помош на учениците со потешкотии во напредувањето;
- Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој;
- Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и индивидуални карактеристики;
- Индивидуални разговори со недисциплинираните и проблематични ученици;
- Индивидуални разговори со ученици за некои нивни лични проблеми;
- Советодавна работа со ученици кои имаат здравствени проблеми, прилагодување кон училиштето и учењето, проблеми во однесувањето, проблеми во семејствата,
- Емоционални проблеми, проблеми во односите со спротивниот пол и др;

- Разговор и советување на ученици на кои за краток временски период им опаднал успехот по три или повеќе предмети за две или повеќе оценки;
- Евиденција, увид и анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија во двете полугодиа.
- Изготвување, спроведување и анализа на анкети и прашалници, како и работилници за потребите на училиштето;
- Консултативна и советодавна работа со наставниците при: изработка на дневни подготовки, подготовка на тематските развојни планирања, осмислување и реализирање на наставните часови согласно барањата на одредени проекти;
- Пратење при реализација на воспитно-образовната работа и соработка со наставниците и директорот;
- Соработка со класните раководители;
- Непосредно следење и вреднување на наставниот процес преку: посета на часови и водење евидентни листови од посетата на часови, увид во педагошката евиденција и документација на одделенските наставници;
- Советодавна работа и индивидуални разговори со ученици, наставници и родители на ученици кои потешко напредуваат во учењето и/или имаат проблеми со успехот, редовноста и дисциплината;
- Организирање и реализирање на работилници за советување на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, покажуваат намален успех во учењето и манифестираат несоодветно однесување во училиштето;
- Следење и работа на подобрување на педагошката комуникација: ученик – ученик, ученик – наставник, ученик – наставник – родител; промовирање на меѓусебното почитување, толеранција, другарството и хуманоста; почитување на меѓусебните полови разлики; речникот на учениците во меѓусебната комуникација; некои неприфатливи карактеристики во однесувањето на учениците кон наставниците за време на часовите
- Следење и обработка на стручни материјали добиени од Бирото за развој на образованието, подрачна единица за образование, Министерството за образование и наука и други институции поврзани со образованието;
- Учество во работата на стручни органи и тела;
- Соработка и консултативно советодавни активности со наставници и родители;
- Работа на сопствено стручно усовршување, преку следење и обработка на стручна литература како и учество на организирани семинари, работилници, обуки и советувања, со цел пренесување на сознанијата, задолженијата и впечатоците на директорот, наставниците и нивна примена во пракса;
- Соработка со сите институции како локална самоуправа, амбуланта, библиотека, социјални грижи и др. давање потребни податоци и водење евиденција за истите.
- Увид во водењето на Педагошката евиденција и документација на училиштето (дневниците, матичната книга за евиденција на учениците на почетокот и на крајот на наставната година), воочување и евидентирање на пропустите;
- Водење на сопствена евиденција и документација:
- хронолошки дневник за сопствената работа,
- дневник за советодавна работа со ученици, родители и наставници,
- покана за разговори со родители фотокопија или оригинал,
- извештаи, известувања, записници за потребите на училиштето,

- дневник за евиденција на педагошките мерки на учениците,
- водење на евидентен лист за остварена активност: посета на час, разговори со родители, разговори со ученици;
- издавање потврди за редовни ученици во училиштето за нивни потреби;
- издавање дупликат свидетелства;
- Посета на подрачни училишта;
- Во текот на целата година планираните содржини се реализирани, но постојат и реализирани содржини кои не се планирани во годишната програма, а тоа е замена на одделенски наставник во прво полугодие поради болничко лекување, држење на часови- замена во одделенска настава при отсуство на наставници и земање учество во голем број други активности.

***Училишен педагог***
*Андријана Мачевска*

**Извештај за работата на училишниот психолог**

- Изготвување на Годишна глобална програма за сопствената работа;
- Учество во изработката на Годишната програма за работата на училиштето;
- Учество во изработката на Развојниот план на училиштето;
- Учество во изработката на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето и нивна анализа;
- Учество во работата на одделенските и наставничките совети;
- Учество во работата на Советот на родители;
- Изготвување на годишен извештај за сопствената работа;
- Изготвување на програма за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Утврдување на зрелста на децата за поаѓање во прво одделение;
- Одговори по доставени дописи од различни институции;
- Учество при организацијата и реализацијата на отворен ден по ѓраѓанско образование;
- Учество при формирањето на паралелки во прво и шесто одделение;
- Организирање и реализација на часови со учениците од прво одделение за правилно однесување во одредени ситуации и на одредени настани и локации во консултација со одделенските наставници проследено со кратки филмови за бон тон;
- Следење на прилагоденоста на учениците во прво и шесто одделение;
- Правење на споредбена анализа за успехот на учениците на преминот од петто во шесто одделение и откривање на причините за негов евентуален пад или пораст поединечно;
- Правење на споредбени анализи за успехот на учениците и нивните изостаноци според пол и национална припадност;
- Следење на соработката со наставниците и родителите на ученици кои имаат потешкотии во наставниот процес;
- Откривање и стручна помош на учениците со потешкотии во напредувањето;
- Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој;
- Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и индивидуални карактеристики;
- Работа на професионалната ориентација на учениците од деветто одделение;
- Откривање и работа со учениците кои манифестираат неприлагодено однесување (бегање од часови, пушење, аоцијално или антисоцијално однесување, изостанување од настава, рушење на текот на наставниот процес и сл.)
- Евиденција, увид и анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија на двете тромесечја;
- Индивидуални разговори со недисциплинираните ученици;
- Индивидуални разговори со учениците поради лични причини;
- Советодавна работа со одделенија во кои доаѓа до некаков вид насилство;
- Советодавна работа со ученици кои имаат здравствени проблеми, прилагодување кон училиштето и учењето, проблеми во однесувањето, проблеми во семејствата,
- Емоционални проблеми, проблеми во односите со спротивниот пол и друго;
- Разговор и советување на ученици на кои за краток временски период им опаднал успехот по три или повеќе предмети за две или повеќе оценки;
- Консултативна и советодавна работа со наставниците при: изработка на дневни подготовки, подготовка на тематските развојни планирања, осмислување и реализирање на наставните часови согласно барањата на одредени проекти;
- Пратење при реализација на воспитно-образовната работа и соработка со наставниците и

директорот;
- Непосредно следење и вреднување на наставниот процес преку: посета на часови и водење евидентни листови од посетата на часови, увид во педагошката евиденција и документација на предметните наставнци;
- Советодавна работа и индивидуални разговори со ученици, наставници и родители на ученици кои потешко напредуваат во учењето и/или имаат проблеми со успехот, редовноста и дисциплината;
- Организирање и реализирање на работилници за советување на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, покажуваат намален успех во учењето ии манифестираат несоодветно однесување во училиштето;
- Следење и работа на подобрување на педагошката комуникација: ученик – ученик, ученик – наставнк, ученк – наставнк – родител; промовирање на меѓсебното почитување, толеранција, другарството и хманоста; почитување на меѓусебните полови разлки; речникот на учениците во меѓусебната комуникација; некои неприфатливи карактеристики во однесувањето на учениците кон наставниците за време на часовите;
- Следење и обработка на стручни материјали добиени од Бирото за развој на образованието, подрачна единица за образование, Министерството за образование и наука и други институции поврзани со образованието;
- Учество во работата на стручни органи и тела;
- Соработка и консултативно советодавни активности со наставници и родители;
- Работа на сопствено стручно усовршување, преку следење и обработка на стручна литература како и учество на организирани семинари, работилници, обуки и советувања, со цел пренесување на сознанијата, задолженијата и впечатоците на директорот, наставниците и нивна примена во пракса;
- Увид во водењето на Педагошката евиденција и документација на училиштето (дневниците, матичната книга за евиденција на учениците на почетокот и на крајот на наставната година), воочување и евидентирање на пропустите;
- Водење на сопствена евиденција и документација:

- хронолошки дневник за сопствената работа,
- дневник за советодавна работа со ученици, родители и наставнци,
- дневнк за работа со ученици со посебни бразовни потреби,
- записник со листа на присутни од советувањето на родителите/старателите на ученици кои согласно законот треба да бидат советувани,
- образец 1/2/3 за евиденција на учениците по основ на намален успех во учењето, нередовно поетување на настава и/или манифестираат несоодветно однесување,
- обрасците за евиденција на ученици при постапката на советување на ученици,
- покана за советување на родител/старател фотокопија или оригинал,
- покана за советување на ученици фотокопија или оригинал,
- покана за разговори со родители фотокопија или оригинал,
- извештаи, известувања, записници за потребите на училиштето,
- дневник за евиденција на педагошките мерки на учениците,
- водење на евидентен лист за остварена активност: посета на час, разговори со родители, разговори со ученици;

- Посета на подрачни училишта.

Освен овие активности психологот зема активно учество во голем број други активности за кои постои уредна документација во архивата на училиштето.

Училишен психолог – Ивана Крчева

**Извештај за работата на Еко одборот во училиштето**

Програмата за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ е еден од проектите на едукативната програма „Немаме резервна планета“ кој има за цел знаењето за животната средина да се примени во пракса.
Нашето училиште е вклучено во реализацијата на овој проект и се надеваме дека преку него ќе успееме кај учениците да отвориме нов прозорец кон светот, да влијаеме на нивното однесување кон животната средина, а со тоа кај нив да создадеме активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во училиштето, во домот, но и во заедницата пошироко. Веруваме дека оваа програма ќе стане реалност за учениците и нивните блиски, наставниците, граѓанството.

Со цел успешно да се реализира проектот нашето училиште ги преземаше следниве активности:

- Еко-одборот во чиј состав влегуваат наставници, ученици, родители, домар, технички персонал, претставник од невладин сектор заедно со тимови ги продолжија своите активности.
- Еко-одборот ги продолжија своите состаноци донесуваа одлука за спроведување на активности, ги следеа досегашните активности.

Планот на активности содржи временски рамки кои кажуваат кога треба да се реализираат предвидените активности, како и потребните материјални средства за реализација на истите.

Еко патролите секојдневно ја следеа ситуацијата во училиштето и училишниот двор, како се однесува секој од нас во однос на хигиената и штедењето на вода, струја.

Една од активностите кои ги реализиравме со голем успех беше и редовно соработуваме со Едукативниот центар за заштита на природата - с. Негрево.

Еко-одборот врши континуирано следење на напредокот во постигањето на поставените цели со планот на активностите, со една единствена цел, да се оцени успехот на активностите и да се одржи интересот за програмата во целото училиште.

Изготвил:
Валентина Станоевска

**Извештај од реализирани екскурзии во наставната 2022/2023**

Врз основа на член 28 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта на МОН, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето за наставната 2022/2023 година, го доставува извештајот дека сите ученички екскурзии за наставната 2022/2023 година се реализирани со учениците од трето, шесто и деветто одделение.

**ИЗВЕШТАЈ**

со оценка за реализација и квалитетот на дадените услуги од спроведената ученичка екскурзија за учениците од III одделение

Планираната еднодневна екскурзија со учениците од III одделение при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево беше спроведена на ден 6.6.2023 година.

Екскурзијата беше во организација на ТА „ Путник“ – Гевгелија, а патуваа 28 ученика и тројца наставници, како и доктор и водич ангажирани од страна на агенцијата.

Одделенските раководители кои учествуваа во реализацијата на екскурзијата го изготвува овој извештај со кој оценува дека екскурзијата беше многу успешно реализирана со посета на сите места и локалитети кои се планирани со Програмата за изведување на ученичка екскурзија и други слободни активности со учениците од III одделение и прифатената понуда за изведување на ученичките екскурзии, со остварување на нивните основни цели, и тоа запознавање на културно-историските знаменитости; развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; изучување и истражување на верските и историските објекти; развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; нивна социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за самите себе.

Во однос на квалитетот на дадените услуги,еднодневната екскурзија за учениците од трето одделение беше изведена од страна на ТА „ Путник“ – Гевгелија, која на едно високо, професионално ниво, квалитетно ги обезбеди сите услуги согласно прифатената понуда.

Одделенски раководители
Елизабета Вучковски
Влатко Марковски
Зоран Вучковски

**ИЗВЕШТАЈ**

со оценка за реализација и квалитетот на дадените услуги од спроведената ученичка екскурзија за учениците од VI одделение

Планираната дводневна екскурзија со учениците од VI одделение при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево беше спроведена во периодот од 25.05 до 26.05.2023 година.

Екскурзијата беше во организација на ТА „ Маршал Травел“ – Пехчево, а патуваа 30 ученика и тројца наставници, како и доктор и водич ангажирани од страна на агенцијата.

Одделенските раководители кои учествуваа во реализацијата на екскурзијата го изготвува овој извештај со кој оценува дека екскурзијата беше многу успешно реализирана со посета на сите места и локалитети кои се планирани со Програмата за изведување на ученичка екскурзија и други слободни активности со учениците од VI одделение и прифатената понуда за изведување на ученичките екскурзии, со остварување на нивните основни цели, и тоа запознавање на културно-историските знаменитости; развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; изучување и истражување на верските и историските објекти; развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; нивна социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за самите себе.

Во однос на квалитетот на дадените услуги,дводневната екскурзија за учениците од шесто одделение беше изведена од страна на ТА „ Маршал Травел“ – Пехчево, која на едно високо, професионално ниво, квалитетно ги обезбеди сите услуги согласно прифатената понуда.

Одделенски раководители
Валентина Станоевска
Ванчо Сивевски
Наташа Беџовска

**ИЗВЕШТАЈ**

со оценка за реализација и квалитетот на дадените услуги од спроведената ученичка екскурзија за учениците од IX одделение

Планираната тридневна екскурзија со учениците од IX одделение при ООУ „Ванчо Китанов“- Пехчево беше спроведена во периодот од 29.05 до 31.05.2023 година.

Екскурзијата беше во организација на ТА „ Маршал Травел“ – Пехчево, а патуваа 48 ученика и четворица наставници, како и доктор и водич ангажирани од страна на агенцијата.

Одделенските раководители кои учествуваа во реализацијата на екскурзијата го изготвија овој извештај со кој оценуваат дека екскурзијата беше успешно реализирана со посета на скоро сите места и локалитети кои беа планирани со Програмата за изведување на ученичка екскурзија и други слободни активности со учениците од IX одделение и прифатената понуда за изведување на ученичките екскурзии, со остварување на нивните основни цели, и тоа: запознавање на културно-историските знаменитости; развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; изучување и истражување на верските и историските објекти; развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; нивна социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за самите себе.

Во однос на квалитетот на дадените услуги, тридневната екскурзија за учениците од деветто одделение беше изведена од страна на ТА „ Маршал Травел“ – Пехчево, која ги обезбеди сите услуги согласно прифатената понуда.

Одделенски раководители
Јулија Велковска
Виолета Ѓорѓиевска
Афродита Денковска
Милан Трајановски

**Извештај за постигнати резултати од учество на натпревари во наставната 2022/2023 година**

Учениците од нашето училиште заедно со нивните наставници - ментори, оваа наставна 2022/2023 година активно се вклучија во голем број на натпревари што се одржаа на општинско, регионално и државно ниво.

На општински натпревар по географија кој се одржуваше на 04.03.2023 година учествуваа ученици од осмо одделение под менторство на нивната наставничка по географија - Николина Каракашова. Постигнати резултати: прво место - Лина Велковска (94/100), второ место Глигор Поповски (85/100), Бранкица Јовевска - пофалница.

На општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ кој се одржа на 18.03.2023 година под менторство на наставничките Виолета Ѓорѓиевска и Александра Ковачовска - Постоловска учествуваа ученици од петто, седмо, осмо и деветто одделение.

Од седмо одделение под менторство на наставничката Александра Ковачовска - Постоловска учествуваше Ива Бакаловска - прво место (93/100) и од осмо одделение под менторство на наставничката Виолета Ѓорѓиевска учествуваше Андреа Ставровска - прво место (93/100). Учество земаа ученици од петто, шесто и деветто одделение кои добија пофалници - Филип Ќурчиски V одделение - пофалница, Тео Стаменковски VI одделение - пофалница, Бојана Ѓузелова IX одделение - пофалница.

На општински натпревар по математика кој се одржа на 04.02.2023 год. учествуваа голем број на ученици од четврто до деветто одделение. Постигнати резултати - Марио Павлевски (трета награда), под менторство на наставничката Билјана Мазарова, Михаил Цековски - пофалница под менторство на наставничката Оливера Кратевска.

Под менторство на наставничката Маја Самарџиски учествуваа тројца ученици од шесто одделение: Атанас Вуксанов - трета награда, Александар Бојчовски - пофалница, Алексија Китански - пофалница и две ученички од деветто одделение – Јана Тодоровска (трета награда) и Ана Марија Крчева - пофалница. Под менторство на наставничката Ангела Вучковска учествуваа ученици од седмо одделение, Ива Бакаловска (втора награда) и Ангел Спасевски - пофалница. Под менторство на наставничката Јасмина Горѓиевска од осмо одделение учествуваше Стефанија Павлевска (втора награда).

На меѓуопштински натпревари помеѓу (Делчев, Берово и Пехчево) - футсал кој се одржа на ден 10.11.2022 год. под менторство на наставниците по физичко и здравствено образование Афродита Денковска и Андреј Митровски учество земаа ученици од осмо и деветто одделение со освоено прво место. Учество земаа Петар Карбински - VIII одделение, Бојан Костадинов - VIII одделение, Јован Бојчовски - VIII одделение, Томислав Вазлиски - IX одделение, Петар Димитковски - IX одделение, Христијан Манчов - IX одделение, Влатко Манчовски - IX одделение, Виктор Манчовски - IX одделение, Никола Рендевски - IX одделение, Димитар Каракостов - IX одделение, Ѓорѓи Јовевски - IX одделение, Џани Кадриов - ПУ с. Црник и Џанер Демиров - ПУ с.Црник.

Исто така по физичко и здравствено образование се одржаа зонски регионални натпревари во Кочани с. Облешево - футсал одржан на ден 22.11.2022 год. во кој учество земаа учениците од осмо и деветто одделение под менторство на наставниците по физичко и здравствено образование Афродита Денковска и Андреј Митровски, со освоено второ место. Учество земаа учениците Петар Карбински- VIII одделение, Бојан Костадинов - VIII одделение, Јован Бојчовски - VIII одделение, Томислав Вазлиски - IX одделение, Петар

Димитковски - IX одделение, Христијан Манчов - IX одделение, Влатко Манчовски – IX одделение, Виктор Манчовски - IX одделение, Никола Рендевски - IX одделение, Димитар Каракостов - IX одделение, Ѓорѓи Јовевски - IX одделение.

На општински натпревар по биологија кој се одржа на 10.03.2023 год. учествоземаа ученици од деветто одделение и ги постигнаа следниве резултати - Ана Марија Крчева (прва награда), Јана Тодоровска (прва награда), Викторија Чабуковска (втора награда) и Љупчо Ќурчиски (втора награда), под менторство на наставничката по биологија Валентина Станоевска.

На регионален натпревар по биологија кој се одржа на ден 07.04.2023 год. учество земаа ученици од деветто одделение Викторија Чабуковска (прва награда), Ана Марија Крчева (втора награда) и Јана Тодоровска (втора награда), со што сите три се пласираа на државен натпревар и Љупчо Ќурчиски со (трета награда), под менторство на наставничката по биологија Валентина Станоевска.

На регионален натпревар по географија кој се одржа 08.04.2023 год. во Делчево под менторство на наставничката Николина Каракашова учествуваа ученици од осмо одделение и тоа Лина Велковска (прво место) и Глигор Поповски (второ место) со што и двајцата се пласираа на државен натпревар.

На регионален натпревар по француски јазик учествуваше ученичка од седмо одделение Ива Бакаловска и освои второ место, со што се пласираше на државен натпревар.

На регионален натпревар по англиски јазик кој се одржа 08.04.2023 година во Кочани учествуваа ученици од седмо и осмо одделение. Под менторство на наставничката Александра Постоловска - Ковачовска учествуваше Ива Бакаловска седмо одделение со освоено второ место, а под менторство на наставничката Виолета Ѓорѓиевска од осмо одделение учествуваше Андреа Ставровска која освои трето место.

На регионален натпревар по математика кој се одржа 04.03.2023 год. во ООУ„ Св.Кирил и Методиј “- Македонска Каменица под менторство на наставничката Маја Самарџиски учествуваше Јана Тодоровска од деветто одделение со освоена втора награда. Под менторство на наставничката по математика Ангела Вучковска учество земаа ученици од седмо одделение - Ива Бакаловска (втора награда) и Ангел Спасевски- пофалница.
Под менторство на наставничката Јасмина Ѓорѓиевска учествуваше Стефанија Павлевска од осмо одделение која доби пофалница.

На државен натпревар се пласираа ученичките - Ива Бакаловска од седмо одделение, Стефанија Павлевска од осмо одделение и Јана Тодоровска од деветто одделение.

На меѓународен натпревар по математика Кенгур кој се одржа на 23.03.2023 година учествуваа голем број на ученици од прво до деветто одделение. Учениците од прво одделение под менторство на наставничките Емилија Станоевска и Ајнура Арнаутова земаа пофалници, со исклучок на две ученички Јована Гошевска и Михаела Рунтевски кои земаа трета награда.

Учениците од второ одделени под менторство на наставничките Весна Мавровска и Павлинка Цикарска земаа втора и трета награда со исклучок на двајца ученика Никола Ризовски и Сара Ѓорѓиевска кои земаа прва награда.

Учениците од трето одделение под менторство на наставниците Влатко Марковски и Елизабета Вучковски земаа втора и трета награда и пофалници.

Под менторство на наставничката Емилија Марковска од четврто одделение учествуваа тројца ученика кои земаа втора награда и пофалници.

Учениците од петто одделение под менторство на наставничката Оливера Кратевска земаа втора и трета награда, со исклучок на еден ученик Илија Ѓузелов кој доби прва награда и Теона Бојчовска - пофалница.

Учениците од шесто одделение под менторство на наставничката Маја Самарџиски земаа втора награда, трета награда и двајца ученика со пофалница.

Учениците од седмо одделение под менторство на наставничката Маја Самарџиски земаа втора награда. Под менторство на наставничката Маја Самарџиски учествуваше и Викторија Чабуковска од деветто одделение со втора награда.

Од осмо одделение под менторство на наставничката Јасмина Ѓорѓиевска учествуваа две ученички Стефанија Павлевска (прва награда) и Максим Ѓорѓиевски – пофалница. Под менторство на наставничката Јасмина Ѓорѓиевска учествуваше и ученичката Анастасија Пајантовска од деветто одделение (трета награда).

Под менторство на наставничката Ангела Вучковска учествуваа ученици од шесто до деветто одделение. Од подрачното училиште с.Црник учествуваше Јусуф Муминовиќ VI одделение (трета награда). Од седмо одделение учествуваа Ива Бакаловска (прва награда), Благица Чабуковска (втора награда), Ангел Спасевски (втора награда) и Ахмет Пилов (пофалница).

Од осмо одделение од ПУ с. Црник учествуваше Рефка Кантурова (втора награда), од деветто одделение учествуваа Едита Кантурова (трета награда) и Медине Пилова (трета награда).

На финалниот круг на кенгур 2023 година кој се одржа во просториите на Машински факултет - Скопје и Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип на 06.05.2023 година, учествуваа голем број на ученици од прво до деветто одделение и ги постигнаа следните резултати:

- Од прво одделение под менторство на наставничката Емилија Станоевска учествуваа Антонија Капушевски (прва награда) и Михаела Рунтевски (втора награда);
- Од второ одделение под менторство на наставничката Весна Мавровска учествуваа Александар Капушевски (прва награда), Никола Ризовски (трета награда) и Ева Станковска (пофалница);
- Од четврто одделение под менторство на наставничката Емилија Марковска учествуваа Марио Касмски (трета награда) и Бојан Каракостов (трета награда);
- Од петто одделение под менторство на наставничката Оливера Кратевска учествуваа Филип Ќурчиски (прва награда) и Михаил Цековски (пофалница);
- Од шесто и седмо одделение под менторство на наставничката Маја Самарџиски учествуваа Александар Бојчовски VI одделение и Љупчо Бојчовски VII одделение кои добија пофалница;
- Од осмо и деветто одделение под менторство на наставничката Јасмина Ѓорѓиевска учествуваа Стефанија Павлевска VIII одделение и Анастасија Пајантовска IX одделение кои добија втора награда.

На државен натпревар по англиски јазик ELTAM кој се одржа на 06.05.2023 година во ООУ„ Лазо Ангеловски“ - Скопје учествуваа Ива Бакаловска која освои трето место под менторство на наставничката Александра Ковачовска - Постоловска, а под менторство на наставничката Виолета Ѓорѓиевска учествуваше Андреа Ставровска која доби пофалница.

На државен натпревар по математика кој се одржа на 14.05.2023 год. на Природно математичкиот факултет (ПМФ) –Скопје, учествуваше Стефанија Павлевска VIII одделение и освои трета награда под менторство на наставничката Јасмина Ѓорѓиевска. Признание за

учество добија Јана Тодоровска - IX одделение под менторство на насатавничката Маја Самарџиски и Ива Бакаловска - VII одделение под менторство на наставничката Ангела Вучковска.

На државен натпревар по географија кој се одржа на 13.05.2023 година во Скопје, под менторство на наставничката Николина Каракашова учествуваа Лина Велковска и Глигор Поповски кои добија пофалница.

На државен натпревар по биологија кој се одржа на 20.05.2023 година во просториите на ПМФ - Скопје учество земаа ученици од деветто оделение под менторство на нивната наставничка Валентина Станоевска. Јана Тодоровска освои втора награда, Викторија Чабуковска освои трета награда и Ана Марија Крчева - пофалница.

На државен натпревар по француски јазик кој се одржуваше повеќе денови од 01 до 07.05.2023 год. под менторство на наставничката Магдалена Симовска учество зема Мила Пајантовска - VI одделение со освоено прво место.

***Училишен педагог***
*Андријана Мачевска*

**ИЗВЕШТАЈ**

**од изречени педагошки мерки во наставната 2022/2023 година**

Согласно Статутот на ООУ „Ванчо Китанов" и Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците во наставната 2022/2023 година се изречени повеќе педагошка мерка во текот на целата наставна година и тоа:

- ***Педагошка мерка – усна опомена на шест ученика***

**причини:** неоправдано отсуство од 10 – 15 часа;

- ***Педагошка мерка - писмена опомена на три ученика***

**причини:** неоправдано отсуство од 15 – 20 часа;

- ***Педагошка мерка - укор на двајца ученика***

**причини:** неоправдано отсуство од 20 – 30 часа.

***Училишен педагог***
*Андријана Мачевска*

**ИЗВЕШТАЈ**

**од тимот за МИО за реализирани часови и активности за наставната 2022/2023 година**

Од страна на членовите на Тимот за меѓуетничка интеграција наставниците во наставната 2022/2023 се задолжени во своите годишни и тематски планирања во редовните часови и во часовите по животни вештини да вметнат елементи во кои ќе реализираат активности од меѓуетничка интеграција во образованието. Бидејќи се уште немаме партнер училиште сите активности кои се реализираа беа самостојни/мултикултурни активности. Од страна на дел од наставниците беа предадени извештаи за часови со вклучени смостојни активности во редовната настава и во часовите по животни вештини. Извештаи беа предадени од следните наставници:

Одделенски актив за трето одделение - ОЖВ работилници со учениците од трето одделение – „Роденденот на Орхан“, реализирана на 6.2.2023 година; „Насилство – Стоп!“, реализирана на 6.3.2023 година; „Животните мои другари“, реализирана на 3.4.2023 година;

Јулија Велковска - ОЖВ работилници реализирани со учениците од деветто одделение – „И слични и различни“, реализирана на 21.9.2022 година; „Градење позитивен однос кон својата земја – Македонија“, реализирана на 25.1.2023 година;

